Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година, ја донесе следната

## **О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-1694/1 од 07.04.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени сомневања дека вработено лице во Агенцијата ---- на незаконит начин се стекнал со безбедносен сертификат со степен на класификација “Државна тајна”, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
Наводите во пријавата со број 12-1694/1 од 07.04.2026 година **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираната повреда на закон да се покрене иницијатива за поведување на постапка за кривично гонење до надлежно јавно обвинителство, против службени лица во Дирекцијата ----.

Предметот со бр. 12-1694/1 од 07.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 07.04.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени сомневања дека вработено лице во Агенцијата ---- на незаконит начин се стекнал со безбедносен сертификат со степен на класификација “Државна тајна” и оформен е предмет бр. 12-1694/1 од 07.04.2026 година.
Подносителот укажува дека лицето ----, вработено во Агенцијата ---- (понатаму: ----) со Пресуда бр. ---- година на Основен суд ----, бил осуден на условна казна

затвор од 2 години која нема да се изврши ако во рок од 5 години не стори ново кривично дело.
Во ---- 2026 лицето ---- има добиено безбедносен сертификат со степен на класификација „Државна тајна", иако е осудено лице на „условна казна затвор од две години, која нема да се изврши ако во рок од 5 години не стори ново кривично дело". Согласно Законот за класифицирани информации (Службен весник на РСМ, бр. 275 од 27.12.2019) член 41 за едно лице воопшто да поднесе барање за издавање на безбедносен сертификат „потребно е да поседува уверение за неосудуваност, не постаро од шест месеци".
Подносителот дополнува дека лицето ---- не може да добие вакво уверение за неосудуваност затоа што сеуште се води како осудено лице и за него сеуште е во сила правосилна осудителна пресуда.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до Основен кривичен суд ---- (и Дирекцијата ---- (понатаму: ----), со цел обезбедување на документација во врска со пријавениот случај.

Во законски утврдениот рок, од страна на горенаведените институции беше доставена бараната документација.

Од страна на Основниот кривичен суд ---- беше доставен допис – Потврда со број КР.- ---- година, дека во казнената евиденција има податоци за горенаведеното лице и тоа: КОК----- од ОСС I на ---- година, Условна осуда по член 159 став 2 од Кривичен законик условена казна: затвор од 2-години условена за време од 5-години.

Од страна на ---- беше доставен допис бр. ---- година, во кој се наведува дека по спроведени оперативни безбедносни проверки од страна на надлежната институција и по добивање на резултатот, ---- на лицето ---- му издаде безбедносен сертификат со степен на класификација "Државна тајна" на ден ---- година.

Од анализата на предметните наводи и прибавената документација, утврдена е следната фактичка состојба:

---- издала безбедносен сертификат со степен на класификација "Државна тајна" на ден 10.02.2026 година, на лице коешто на ден 28.02.2022 година, било осудено

на условна казна затвор од 2 години која нема да се изврши ако во рок од 5 години (до 28.02.2027 година) не стори ново кривично дело.
Дополнително рокот за законска рехабилитација (автоматско бришење од казнената евиденција) за условна осуда во Република Северна Македонија изнесува 1 година по истекот на рокот за проверка, под услов во тој период да не е сторено ново кривично дело.

*Според член 41 став 1 точка 9 од Законот за класифицирани информации, Безбедносен сертификат се издава на физичко лице кое ги исполнува следниве услови: да поседува уверение за неосудуваност, не постаро од шест месеци.*

ДКСК согласно пропишаното во одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност да проценува дали со издавањето на безбедносен сертификат „Државна тајна" на горенаведеното лице биле извршени кривични дела, и од чија страна биле извршени истите, а поради тоа што во текот на постапката е констатирана повреда на закон и пријавените наводи се потврдуваат, ДКСК ќе покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до ОЈО Скопје, против службени лица во Дирекцијата ---- коишто го работеле спорниот предмет.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени нека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д./S.D член/anëtar на ДКСК